# Клучни дејства за подобрена безбедноста на новинар(к)ите

## ЏЕБЕН ВОДИЧ




JOURNALISTS MATTER

Council of Europe Campaign for the Safety of Journalists

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

*Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на автор(ите) и нужно не го одразува официјалното мислење на Европската Унија ниту на Советот на Европа.*

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин „© Совет на Европа, година на објавување“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се упатат до Директоратот за комуникации, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на [додадете соодветна Дирекција/Единица], Avenue de l’Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00, E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

© Совет на Европа, февруари, 2024 година. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

Дизајн и изглед на корица: Оддел за информатичко општество, Совет на Европа

Слики: ©Shutterstock

© Совет на Европа

# Клучни дејства за подобрена безбедност на новинар(к)ите

## ЏЕБЕН ВОДИЧ

Врз основа на Препораката CM/Rec(2016)4 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери

Совет на Европа

# Содржина

Вовед.......................................................................................2

Превенција ..............................................................................4

Заштита ..................................................................................10

Гонење ....................................................................................17

Промоција на информации, едукација и подигање на свеста .....19

# Вовед

Џебниот водич е синтетичка алатка чија цел е да обезбеди поддршка на државните власти во нивните напори за воспоставување, спроведување и зајакнување на националните рамки за ефективна заштита на безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери. Изработен како дел од Кампањата на Советот на Европа *Новинарите се важни*, водичот е наменет да послужи како контролна листа за изработка на национални акциски планови или стратегии на терен, нудејќи им на земјите-членки преглед на најрелевантните области на дејствување и конкретни мерки од кои тие можат да ги изберат оние кои се потребни за адресирање на состојбите карактеристични за нивната земја.

Водичот се надоврзува на добро воспоставените принципи на Препораката CM/Rec(2016)4 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери, што претставуваше поттик за националните и другите европски и меѓународни инструменти за поставување стандарди. Па така, Џебниот водич ја следи структурата на горенаведената Препорака, која повикува на дејствување во рамките на четирите столба на превенција, заштита, гонење и промоција на информации, едукација и подигање на свеста. За секој столб, Џебниот водич ги наведува главните тематски области и соодветните предложени дејства.

Џебниот водич се надоврзува на предлозите претставени во Водичот за спроведување *Како да се заштитат новинар(к)ите и другите медиумски актери?* од 2020 година и неговата Проширена верзија од 2023 година. Водичот за спроведување е поелаборирана и подетална техничка алатка развиена со цел да се објасни и да се обезбеди контекст на приоритетните области на Препораката преку утврдување индикатори, обезбедување основни информации, истакнување вредни практики, давање предлози и нудење алатка за самооценување за земјите-членки.

Водичот за спроведување - заедно со релевантните инструменти за поставување стандарди на Советот на Европа, судската пракса на Европскиот суд за човекови права која постојано се развива, Извештајот и документите усвоени на Конференцијата на министри одговорни за медиуми и информациско општество од 2021 година *Вештачка интелигенција – интелигентна политика* – треба да се консултира за

подобро да се разберат и спроведат главните области во кои се бара дејствување.

Спротивно на тоа, Џебниот водич е изработен како сеопфатна, но концизна збирка на главните предложени дејства врз основа на релевантните стандарди на Советот на Европа, овозможувајќи им на државните власти и другите релевантни чинители брзо и ефикасно да ги прегледаат предложените мерки.

Покрај суштинските одредби наведени во продолжение, Џебниот водич ги идентификува следните процедурални принципи како клучни во насока на воспоставување ефективен национален акциски план или стратегии или, во согласност со националниот контекст, специфични механизми или мерки со кои ќе се гарантира безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери:

1. дејствувањето на национално ниво треба да се заснова на информирана и добро истражена анализа на состојбата во земјата во однос на безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери, вклучително и јасна родова анализа;

2. треба да има силна политичка посветеност и оперативно лидерство, како и меѓуагенциска координација;

3. мора да постои силно граѓанско партнерство со новинар(к)ите и релевантните актери од граѓанското општество;

4. треба да постои сеопфатна и ефикасна програма на активности која ќе ја надградува праксата и доказите со текот на времето;

5. мора да има доволно распределен буџет за да се обезбеди ефективно спроведување на договорените планови/стратегии и мерки;

6. треба да постои координација со акциските планови или стратегии и активностите во други области, како што се плановите за заштита на бранител(к)ите на човековите права или родовата еднаквост.

# Превенција

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Правна рамка која обезбедува слобода на изразување, слобода на медиумите и плурализам | *Уставни и законски гаранции за слобода на медиумите и уредувачка независност*<br>➢ Да се обезбеди уставна заштита на правото на слобода на изразување, слободата на медиумите и нивните составни делови.<br>➢ Да се донесат и спроведат национални закони и регулаторни рамки за недвосмислено да се гарантира слобода на медиумите и сите нејзини составни делови, и да се наведат параметрите за нејзино ефективно спроведување. |
| Независно, суштинско ревидирање на законодавната рамка | ➢ Да се обезбеди/гарантира независно, суштинско ревидирање за да се утврди дали релевантната законска рамка:<br>▪ е во согласност со европските и меѓународните стандарди за човекови права;<br>▪ е поддржана со ефективна машинерија за спроведување.<br>➢ Да се вклучи проценка за тоа дали заштитните механизми се цврсто и ефективно имплементирани во пракса.<br>➢ Да се гарантира дека процесот на ревидирање:<br>▪ овозможува детален јавен надзор;<br>▪ вклучува јавни расправи; и,<br>▪ го олеснува целосното и активно учество на новинар(к)ите и претставниците/чките на граѓанското општество.<br>➢ Да се обезбеди навремен одговор преку усвојување на потребните законски измени. |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| *Правни заштитни механизми неопходни за новинар(к)ите / медиумските професионалци/ки да можат да ја вршат својата работа* | |
| Законска рамка која гарантира:<br>➢ јавен пристап до информации,<br>➢ приватност и заштита на податоци,<br>➢ доверливост и безбедност на комуникациите,<br>➢ заштита на новинарски извори и укажувач(к)и. | *Јавен пристап до информации*<br>➢ Со закон да им се гарантира на новинар(к)ите пристап, на нивно барање, до официјални документи што ги поседуваат јавните власти.<br>➢ Да се гарантира дека нема ограничувања кои го надминуваат она што е определено со закон и неопходно во едно демократско општество за заштита на легитимна цел, во согласност со судската практика на Европскиот суд за човекови права [во натамошниот текст „ЕСЧП“].<br>➢ Да се гарантира навремено процесирање на барањата за пристап до информации, и давање на пристап.<br>➢ Да се обезбеди ефикасен механизам за жалби во случај на одбивање на пристапот.<br>➢ Да се воспостават ефективни механизми за надзор и спроведување.<br><br>*Приватност и доверливост и тајност на комуникациите*<br>➢ Да се гарантира дека следењето на комуникациите на новинар(к)ите што ризикуваат да ги загрозат доверливите извори на информации може да биде дозволено само од судиј(к)а или друго независно тело.<br>➢ Со закон да се заштитат правата на приватност и заштита на податоците на новинар(к)ите.<br>➢ Да се обезбеди ефективно изземање на новинарските активности во законите за заштита на податоци.<br>➢ Да се гарантира дека националните законски ограничувања на слободата на изразување за заштита на приватноста ги вклучуваат стандардите на ЕСЧП. |

<table>
<tr><th>ГЛАВНИ ОБЛАСТИ</th><th>ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА</th></tr>
<tr><td>Законска рамка со гаранции за:<br>➢ јавен пристап до информации,<br>➢ приватност и заштита на податоци,<br>➢ доверливост и безбедност на комуникациите,<br>➢ заштита на новинарски извори и укажувач(к)и.</td><td>Заштита на новинарски извори<br>➢ Да се гарантира правото на новинар(к)ите да не откриваат информации што го идентификуваат изворот.<br>➢ Да се гарантира дека укажувањето може да биде наредено само од судиј(к)а или друго независно тело, доколку легитимниот интерес во обелоденувањето јасно го надминува јавниот интерес на заштитата на изворот и доколку не постојат разумни алтернативни мерки или истите се исцрпени.<br>Укажувач(к)и<br>➢ Да се обезбеди правна заштита од одмазда за обелоденување на информации во интерес на јавноста.<br>➢ Да се гарантира дека укажувањето на медиумите е дозволено во интерес на јавноста и тогаш кога внатрешното известување е неверодостојно или неефикасно и кога постои мала можност ефективно да се решат прекршувањето или наводното погрешно постапување.<br>➢ Да се гарантира достапност на правна помош и други практични мерки за поддршка на укажувач(к)ите.</td></tr>
<tr><td>Законска рамка со гаранции за ефикасна заштита на новинар(к)ите и другите медиумски актери, офлајн и онлајн</td><td>Кривично правна заштита<br>➢ Да се воведат одредби од кривичното право кои негуваат култура на одговорност и имаат за цел да го одвратат извршувањето на кривични дела против новинар(к)и и медиумски актери, со поддршка на ефективната машинерија за спроведување на правото.<br>➢ Да се обезбедат засилени казни за таквите дела кога се мотивирани од омраза, нетолеранција или дискриминација од кој било вид, вклучително и врз основа на род.</td></tr>
</table>

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Законска рамка со гаранции за ефикасна заштита на новинар(к)ите и другите медиумски актери, офлајн и онлајн | *Заштита врз основа на закони за вработување*<br>➢ Да се гарантира дека законите за работни односи гарантираат соодветни работни услови за новинар(к)ите (особено преку спречување и ублажување на несигурното вработување и преку обезбедување заштита од индивидуални и колективни отпуштања).<br>➢ Работодавач(к)ите да обезбедуваат соодветно осигурување за нивните вработени во новинарската професија.<br>➢ Да се гарантира дека хонорарните новинар(к)и ги уживаат основните заеднички права што ги уживаат вработените кои примаат плата, вклучувајќи минимална плата и соодветна социјална заштита. |
| Закони за клевета со заштитни механизми за заштита на слободата на изразување кои се во согласност со европските и меѓународните стандарди за човекови права | ➢ Да се погрижат дека националните закони за клевета обезбедуваат пропорционален одговор на клеветата со вклучување на следните заштитни механизми за слободата на изразување:<br>▪ одбрана на вистината, јавниот интерес и правичното коментирање;<br>▪ разлика помеѓу проценката на наводите за факти и вредносните судови;<br>▪ отсуство на зголемена заштита за политичар(к)и/јавни личности, државни органи, јавни службеници/чки, монархијата или нејзините членови;<br>▪ процедурална правичност и еднаквост на оружјата;<br>▪ пропорционални санкции - и во кривичната и во граѓанската постапка (приоритизација на нематеријалните правни лекови како што е правото на одговор или исправка); |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
| --- | --- |
| Закони за клевета со заштитни мерки за заштита на слободата на изразување кои се во согласност со европските и меѓународните стандарди за човекови права | ▪ пропорционални награди за штети и трошоци.<br>➢ Да се декриминализираат законите за клевета и навреда или барем да се отстрани казната затвор освен во случаите на говор на омраза/поттикнување насилство утврдени со ЕСЧП. |
| Законодавство за следење и прислушување на комуникациите со прецизни и ефективни заштитни механизми против злоупотребата и несоодветното постапување | ➢ Да се обезбеди воспоставување на јасна законска рамка која го регулира следењето и прислушувањето на комуникациските податоци.<br>➢ Да се обезбеди преглед на потенцијалната злоупотреба/несоодветното постапување со релевантните законски одредби од страна на судски власти.<br>➢ Да се гарантира дека механизмите за надзор се независни, имаат ефективни овластување и имаат доволно капацитети и претставуваат спектар на релевантни чинители. |
| *Поширока регулаторна рамка поволна за слободата на медиумите, независноста и плурализмот и сродни мерки* | |
| | *Медиумски плурализам, транспарентност на сопственоста и избегнување концентрација на сопственоста*<br>➢ Да се воведе сеопфатна легислатива за сопственоста на медиумите и нејзината неопходна транспарентност, вклучително и во однос на вистинските сопственици/чки на медиумските компании, и да се овозможи достапноста на релевантните информации (регистри) за јавноста.<br>➢ Да се обезбеди редовна независна евалуација на состојбата на медиумскиот плурализам и независноста на медиумите.<br>➢ Да се промовира достапноста, пронаоѓањето и пристапноста на разновидните медиумски содржини. |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| | ➢ Да се развијат ефективни механизми за поддршка на професионалните медиуми и квалитетното независно и истражувачко новинарство.<br><br>*Јавни мерки за поддршка на медиумите, особено независните медиуми, вклучувајќи регионални, локални, малцински и непрофитни медиуми во заедницата*<br>➢ Да се спроведат мерки за поддршка и да се гарантира дека тие се засноваат на јасни, прецизни, правични и транспарентни критериуми.<br>➢ Да се гарантира дека мерките за поддршка ја почитуваат уредувачката и оперативната автономија на медиумите; се спроведуваат на недискриминаторски и транспарентен начин од независно тело.<br>➢ Да се подготвуваат годишни извештаи за користење на јавни средства за поддршка на медиумите.<br>➢ Да се врши проценка на потребите од финансиската одржливост на квалитетното новинарство.<br>➢ Да се обезбеди насочена поддршка за конкретни видови новинарство.<br>➢ Да се обезбедат доволно ресурси за медиумите на заедницата и независните медиуми.<br>➢ Да се поддржат иновациите и развојот на дигитални стратегии и нови услуги.<br><br>*Медиуми на јавниот сервис*<br>➢ Да се заштити уредувачката независност и оперативната автономија на медиумите на јавниот сервис.<br>➢ Да се обезбеди стабилно, долгорочно, одржливо и транспарентно финансирање на медиумите на јавниот сервис. |

# Заштита

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Спроведување конкретни мерки за заштита што им овозможуваат на новинар(к)ите и другите медиумски актери ефективно и без страв да придонесат кон јавната дебата | ➢ Да се имплементираат ефективни одговори за спроведување на законот и механизми за обесштетување за целите и жртвите на закани од насилство, вклучително и преку забрани и други форми на привремена заштита.<br>➢ Да се преземат соодветни превентивни оперативни мерки за да се избегне реалниот и непосреден ризик по животот или физичкиот интегритет на новинар(к)ите и другите медиумски актери, како што е обезбедување полициска заштита или евакуација на безбедно место.<br>➢ Да се обезбедат соодветни процедурални гаранции за сите случаи на лишување од слобода на новинар(к)и или други медиумски актери од страна на полицијата или други службеници/чки вработени во органите на прогонот, со цел да се спречи незаконски притвор или малтретирање (право да се информира трето лице за лишување од слобода, пристап до адвокат/ка и доктор/ка, оспорување на законитоста на притворот пред судовите, судење во разумен рок итн.).<br>➢ Да се погрижи дека заштитната рамка е ефективно имплементирана, вклучително и преку:<br>▪ редовни размени и договори помеѓу органите на прогонот и претставниците/чките на медиумите, како и помеѓу претставниците на медиумите и обвинителствата за прашања поврзани со безбедноста на новинар(к)ите и конкретни (заеднички) обуки;<br>▪ анализа на ризиците од онлајн злоупотреба и вознемирување и обезбедување соодветни превентивни и заштитни мерки; |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
| --- | --- |
| Спроведување конкретни мерки за заштита што им овозможуваат на новинар(к)ите и другите медиумски актери ефективно и без страв да придонесат во јавната дебата | ▪ анализа на конкретните закани и ризици со кои се соочуваат новинарките и другите медиумски работнички;<br>▪ одредување на заштитата на новинар(к)ите како приоритетна област и распределба на задоволителни ресурси;<br>▪ поставување телефонски линии за одговори и заштита во реално време;<br>▪ вклучување на прашањето за новинарството и заштитата и безбедноста на новинар(к)ите во образовните програми за новинар(к)ите и другите засегнати чинители.<br>➢ Да се усвојат национални акциски планови или стратегии за безбедност на новинар(к)ите или, во согласност со националниот контекст и потреби, конкретни механизми/мерки за заштита.<br>➢ Да се гарантира дека конкретните национални акциски планови или стратегии или поспецифични механизми за заштита, онолку колку што е соодветно, се засноваат на:<br>▪ политичко лидерство на високо ниво;<br>▪ анализа на ризиците и проценка на потребите, вклучувајќи јасна родова анализа;<br>▪ силно оперативно лидерство и меѓуагенциска координација;<br>▪ партнерство со новинар(к)ите и граѓанското општество при нивната изработка, имплементација и евалуација;<br>▪ сеопфатна и ефективна програма на активности;<br>▪ јасна идентификација на задачите и одговорностите;<br>▪ доделен задоволителен буџет и човечки ресурси;<br>▪ редовно ревидирање. |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
| --- | --- |
| Спротивставување на дискриминаторска или произволна примена на законодавството или санкциите за кои постои веројатност дека ќе ги замолчат новинар(к)ите и другите медиумски актери | *Општи мерки*<br>➢ Да се ревидираат и елиминираат опширните дефиниции, кои има изгледи негативно да влијаат врз работата на новинар(к)ите, во законите за клевета, антитероризам, национална безбедност, јавен ред, говор на омраза, богохулење и законите за сеќавање[1].<br>➢ Да се покаже воздржаност, во согласност со судската пракса на ЕСЧП, при прибегнување кон кривична постапка/кривични санкции за кривични дела на претставниците/чките на печатот (во рамките на јавниот ред, антитероризмот, националната безбедност и други закони).<br>➢ Да се обезбеди пропорционалност на санкциите и наградите во предметите за клевета.<br>➢ Да се воведат соодветни процедурални заштитни механизми и ефективни правни лекови против злоупотреба на законите.<br>*Заштита на новинарски извори*<br>➢ Да се гарантира дека правото да не се открива новинарски извор и сродните процедурални заштитни механизми ефективно се спроведуваат во пракса.<br>*Мерки против дискриминаторска или произволна примена на законодавството за клевета*<br>➢ Да се направи ревидирање на домашното законодавство за клевета за да се гарантира дека:<br>▪ надоместоците за отштета не се непропорционално големи и дека постојат соодветни и ефективни домашни заштитни механизми против доделувањето преголеми надоместоци;<br>▪ тие, освен во исклучителни околности и во согласност со релевантната судска пракса на ЕСЧП, не предвидуваат затворски казни;<br>▪ нема зголемена заштита на јавните личности; |

[1] Закони за криминализирање на одредени изјави во врска со минати историски настани.

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Спротивставување на дискриминаторска или произволна примена на законодавството или санкциите за кои постои веројатност дека ќе ги замолчат новинар(к)ите и другите медиумски актери | ▪ има воспоставени заштитни механизми за слободата на изразување кои се во согласност со европските и меѓународните стандарди за човекови права;<br>▪ достапни се низа граѓански правни лекови како алтернатива на штетите во соодветни предмети;<br>▪ вонсудските тела, како што се медиумските совети, се промовираат со цел да се обезбеди пропорционален одговор на клеветата.<br><br>*Спротивставување на злоупотребата на законот и/или правни постапки во предмети за клевета*<br>➢ Да се усвојат законски и/или други мерки за да се спречи, со должно почитување на независноста на правдата, злоупотребата на судскиот процес и да се спречи „туризмот на клевета“.<br><br>*Да се развие ефективно законодавство против стратешките тужби за јавно учество (SLAPP) за да се воспостави/ат:*<br>▪ соодветен збир на структурни и процедурални заштитни механизми,<br>▪ правни лекови и мерки за поддршка на цели и жртви,<br>▪ програми за едукација, обука и подигање на свеста,<br>▪ и градење капацитети.<br><br>*Да се развие законодавство против стратешките тужби за јавно учество (SLAPP) за да им се овозможи на обвинетите во случаите за клевета да поднесат предлог за отфрлање на случај покренат против нив бидејќи вклучува говор за прашање од јавен интерес.*<br>*Да се воведат програми за правна помош достапни и за новинар(к)ите, особено за хонорарните новинар(к)и.* |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
| --- | --- |
| Улога на новинар(к)ите и другите медиумски актери кои покриваат демонстрации и други настани | *Спречување/попречување на медиумско покривање на демонстрации и други настани*<br>➢ Да поттикнуваат редовно одржување на состаноци и работни групи кои опфаќаат новинар(к)и, медиумски актери, претставници/чки на полициските сили и обвинител(к)и за да ги проценат потребите на терен.<br>➢ Да поттикнуваат изработка на конкретни насоки и постигнување усогласување помеѓу полицијата и новинските известувач(к)и.<br>➢ Да се погрижат дека новинар(к)ите се брифирани пред настаните и дека постои безбеден комуникациски периметар за медиумско известување.<br>➢ Да се погрижат дека постојат воспоставени канали за комуникација помеѓу органите за спроведување на законот и претставниците/чките на медиумите.<br><br>*Заштита на новинар(к)ите од полициско насилство*<br>➢ Да се издадат упатства и да се обезбеди обука за полицијата и, онаму каде што е потребно, војската, и да се забрани вознемирување, заплашување или физички напади врз новинар(к)и од страна на припадници/чки на полициските сили.<br>➢ Да се вклучат национални институции за човекови права (НИЧП) во осмислување, оценување и спроведување на конкретни акциски планови насочени кон спречување на злоупотребата на сила врз новинар(к)ите и другите медиумски актери.<br>➢ Да се поттикнат медиумските организации да обезбедат обуки и поддршка во случај на напади. |
| Улога на јавните власти | ➢ Да ги осудат физичките и другите напади/закани/притисоци врз новинар(к)ите и другите медиумски актери од страна на државни функционер(к)и и јавни личности. |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Улога на јавните власти | ➢ Да го поттикнат усвојувањето на парламентарните кодекси на однесувањето за пратениците/чките што од нив бараат<br>▪ да се воздржат од вршење притисок, заканување или напаѓање на новинар(к)ите и другите медиумски актери, како и од принудување/поттикнување/вршење притисок врз новинар(к)ите за да ги отфрлат нивните професионални стандарди и да шират пропаганда;<br>▪ да ги осудат сите случаи на закани и насилство врз новинар(к)ите и другите медиумски актери.<br><br>➢ Да заземат јасни јавни позиции на највисоко владино ниво во однос на важната улога на новинар(к)ите во општеството.<br><br>➢ Да се вклучат во меѓународна соработка со цел размена на добри практики за заштита на слободата на медиумите, превенција и отстранување на злоупотребите против медиумите. |
| Обука за заштита на новинар(к)ите | *Програми за обука за државни власти и органи*<br>➢ Да ја подигнат свеста за улогата на новинар(к)ите како „чувар(к)и на јавноста“ во едно демократско општество, вклучително и при покривање на јавни демонстрации, известување од конфликтни зони и во време на криза.<br><br>➢ Да се погрижат дека се посветува посебно внимание на конкретните ризици со кои се соочуваат новинар(к)ите и другите медиумски актери во текот на нивната работа, вклучително и дискриминација по различни основи, како и пошироко на нивната изложеност на закани, напади, злоупотреба и вознемирување од страна на државата и/или недржавни актери. |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Обука за заштита на новинар(к)ите | ➢ Да се градат капацитети за борба против дискриминаторската или произволна примена на законодавството за клевета, да се спречи злоупотреба на судскиот процес и релевантните мерки, вклучително и најдобрите практики и да се спречи избирањето на најповолниот судски систем (т.н. *forum shopping*) во случаите на клевета.<br><br>➢ Да се подобрат алатките за идентификување и истрага на закани и други кривични дела онлајн.<br><br>*Вклучување на Националните институции за човекови права и новинарските здруженија*<br>➢ Да се соработува со НИЧП во обучувањето на судии/јки и обвинител(к)и. |

## Гонење

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Ефективна истрага и гонење на лица вклучени во убиства, напади и малтретирање на новинар(к)и и други медиумски актери за да се обезбеди казнување на одговорните за таквите кривични дела и да се избегне култура на неказнивост | ➢ Да се создадат, во согласност со применливите стандарди на Советот на Европа, услови за независна и ефективна истрага (кои ќе доведат до утврдување на фактите, идентификување и, доколку е соодветно, казнување на одговорните) почитувајќи ги суштинските барања за соодветност, независност, темелност, ажурност, отвореност за јавен надзор/пристапност до жртвите или нивните семејства.<br>➢ Да се преземат систематски внатрешни истраги за квалитетот на работата во истрагата на кривичните дела против новинар(к)и, со вклучување на претставници/чки на медиумите/други чинители.<br>➢ Да се размисли за формирање на специјализирано обвинителство надлежно за гонење напади врз (физичкиот интегритет на) новинар(к)ите и другите медиумски актери, или да се гарантира дека гонењето на таквите кривични дела е предводено од главниот/ата обвинител/ка.<br>➢ Да се создаде независно истражно тело за кривични или дисциплински претставки против полициски службеници/чки кога се работи за членовите 2 или 3 од Европската конвенција за човекови права.<br><br>*Други практични/оперативни барања за ставање крај на неказнивоста*<br>➢ Да се формираат специјализирани, посветени единици во рамки на релевантни државни органи во кои службениците/чките ќе добијат соодветна обука за меѓународните норми и заштитните механизми за човекови права.<br><br>➢ Да се развијат конкретни протоколи/методолошки насоки за да се |

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
| --- | --- |
| Ефективна истрага и гонење на лица вклучени во убиства, напади и малтретирање на новинар(к)и и други медиумски актери за да се обезбеди казнување на одговорните за таквите кривични дела и да се избегне култура на неказнивост | гарантира дека истрагите за и гонењето на сомнителни напади врз новинар(к)и се спроведуваат ефективно, брзо, темелно, независно и непристрасно.<br>➢ Да се воспостави специјализиран безбедносен механизам одговорен за решавање на прашањата за неказнивост, како самостоен субјект или како специјализиран дел или програма во рамки на постоечко тело.<br>➢ Да се размисли за спроведување законски реформи за да се обезбеди воведување на отежнати казни за јавните службеници/чки кои, преку занемарување, соучесништво или намера, постапуваат на начин што спречува или попречува истрага, гонење или казнување на одговорните за ваквите кривични дела.<br>➢ Да се води веродостојна категоризирана статистика за бројот на пријавени жалби, отворени истраги, гонења и пресуди поврзани со закани, нападите и убиствата на новинар(к)и и други медиумски актери.<br>➢ Да им се доверат несудските истраги за случаи на прекршување на човековите права на НИЧП за да се олесни пронаоѓањето на фактите, без да се нарушуваат овластувањата на државните органи за прогон и истрага. |
| Правни лекови достапни за новинар(к)ите и нивните најблиски | ➢ Да се во согласност со релевантните стандарди за заштита на жртвите од понатамошна виктимизација и вознемирување, за добивање на соодветна поддршка во текот на постапката и обезбедување пристап до правдата и соодветен пристап до надомест.<br>➢ Да се гарантира родово чувствителна поддршка за новинарките кои се мета на кривични дела.<br>➢ Да се обезбеди пристап до соодветна државна помош уште во најраните фази на кривичната истрага.<br>➢ Да се зајакне заштитата на сведоците во случаите поврзани со напади врз новинар(к)и. |

# Промоција на информации, едукација и подигање на свеста

| ГЛАВНИ ОБЛАСТИ | ПРЕДЛОЖЕНИ ДЕЈСТВА |
|---|---|
| Подигнување на свеста за безбедноста на новинарските прашања; превод и дисеминација на Препораката CM/Rec(2016)4 и придружниот Водич за спроведување | ➢ Да се искористат можностите што ги даваат меѓународните денови посветени на слободата на изразување и слободата на медиумите за да се подигне свеста за прашањето околу безбедноста на новинар(к)ите.<br>➢ Да се соработува преку собирање на информации, подигање на свеста и други иницијативи координирани од меѓународни и регионални меѓувладини организации.<br>➢ Да се гарантира дека наставните планови и програми за обука за новинарство, како и иницијативите за медиумска и информациска писменост, посветуваат поголемо внимание на прашањето за безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери, офлајн и онлајн.<br>➢ Проактивно да се нагласат родово-специфичните прашања и прашањата кои се однесуваат на недопуштени основи за дискриминација.<br>➢ Да се обезбеди превод и најширока можна дисеминација на Препораката CM/Rec(2016)4 и другите релевантни инструменти. |
| Партнерства со граѓанското општество и новинар(к)ите | ➢ Да се обезбеди континуиран дијалог со широк спектар на групи на граѓанското општество и претставници/чки на медиумите за промоција на најдобрите практики.<br>➢ Да се развијат партнерства со граѓанското општество и медиумите и да се поттикнат таквите партнерства да изнајдат и имплементираат решенија за заканите по безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери и за борбата против неказнивоста.<br>➢ Да се усвои конструктивен и одговорен однос кон известувањето на граѓанското општество и медиумите за заканите и насилството врз новинар(к)ите и другите медиумски актери.<br>➢ Активно да се соработува со медиумите и граѓанските организации во објавите и едукацијата во врска со безбедносните прашања и стандарди. |

# JOURNALISTS MATTER

## Council of Europe Campaign for the Safety of Journalists

www.coe.int/FreedomofExpression

www.coe.int/JournalistsMatter

Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на автор(ите) и нужно не го одразува официјалното мислење на Европската Унија ниту на Советот на Европа.




Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE